Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 152/19, 244/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 април 2020 година, донесе

# УРЕДБА
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2020 ГОДИНА

**Член 1**

Во Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година (Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 278/19, 13/20 и 88/20) во член 2 став (2) во табелата по подмерката 1.18. се додава нова подмерка 1.19. која гласи:

„

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.19. | 1.19. | Директни плаќања за зелка од домашно производство продадена во период од 5 април до 5 мај 2020 година. | - Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат засадени површини со зелка и се корисници од подмерка 1.4. на оваа уредба, а оствареното производство да го имаат продадено кај регистриран откупувач, запишан во Регистарот на откупувачи на земјоделски призводи.<br>-Финансиската поддршка се исплаќа за количините кои се продадени во период од 5 април до 5 мај 2020 година.<br>- Висината на директните плаќања изнесува 3 денари по килограм. |

".

**Член 2**

Во членот 4 во точката 1 зборовите „31 мај" се заменуваат со зборовите „30 јуни", а зборовите „и 1.18. " се заменуваат со зборовите„ 1.18. и 1.19."

Во точката 4. во алинејата 1 зборот „мај" се заменува со зборот „јуни",.
Во алинејата 2 зборот „јуни" се заменува со зборот „јули".

**Член 3**

Во Прилогот 1 кај сончогледот бројот „4,5" се заменува со бројот „3,5".

**Член 4**

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Бр. 44-3462/1**
**28 април 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Оливер Спасовски